# ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА 2019 ГОДИНА

Службен весник број: 23/2019;

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 40, став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година ("Службен весник на Република Македонија", бр.238/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 22.1.2019 година, донесе.

## ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Финансирањето на училишните објекти од средното образование се врши согласно член 101 од Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95,24/96, 34/96, 35/97, 82/99,29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08,33/10,116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14,116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18).

Со оваа програма се планира отпочнување на нови градби, доградби, надградби, реконструкции, санации, како и завршување на отпочнати реконструкции на училишни објекти, обезбедување на стручно технички надзор во процесот на градежните активности, изработка на техничка документација и ревизија на документација за училишните објекти во рамките на обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, врз основа на одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година.

Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 50.000.000 денари се обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2019 година, на Раздел 16001 Министерство за образование и наука, Потпрограма ТГ Изградба на средни училишта и Потпрограма ТД- Реконструкција на средни училишта, ставка 482.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 44-11570/1-18 Претседател на Владата 22 јануари 2019 година на Република Македонија, Скопје Зоран Заев, с.р.

**Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТГ – Изградба на средни училишта:**

| ОПИС НА АКТИВНОСТИ | ПЛАНИРАНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
|---|---|
| **Изградба, доградба и надградба на училишни објекти** | **17.000.000** |
| **Стручно-технички надзор при изградби, доградби и надградби на училишни објекти** | **500.000** |
| **Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции** | **2.500.000** |
| **ВКУПНО (Потпрограма ТГ )** | **20.000.000** |

**Опис на планирани активности и распределба на финансиски средства обезбедени со Потпрограма ТД – Реконструкција на средни училишта**

| ПРЕНЕСЕНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ ЗА ОБЈЕКТИ | | | БУЏЕТ 2019 |
|---|---|---|---|
| **Општина** | **Име на училишен објект и место** | **Опис на градежни активности** | |
| ГОСТИВАР | СОУ „Гостивар“ | Санација (втора фаза) за реконструкција на топловодно греење во СОУ Гостивар, кров и санација објект 2 | |
| КОЧАНИ | СОУ „Ѓошо Викентиев“ | Замена на стара столарија со нова и парапети во СОУ Ѓошо Викентиев, о.Кочани | |
| | | ВКУПНО ПРЕНЕСЕНИ ОБВРСКИ | 15.310.000 |
| ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОБЈЕКТИ ВО 2019 | | | |
| **Општина** | **Име на училишен објект и место** | **Опис на гладежни активности** | |
| СВЕТИ НИКОЛЕ | СОУ Кочо Рацин-Земјоделско училиште (Со Ученички дом кој е во состав на Училиштето) | Комплетна реконструкција | |
| ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2019 | | | 7.690.000 |
| Стручно-технички надзор при реконструкција, санација и адаптација на училишни објекти, за обврски по склучени договори и за нови договори | | | 2.000.000 |
| Техничка документација, елаборати, ревизија на техничка документација и трошоци за обезбедување на податоци и услуги од страна на јавни институции, враќање на финансиски средства по задржан депозит и други трошоци | | | 5.000.000 |
| | | ВКУПНО (Потпрограма ТД ) | 30.000.000 |

| | |
|---|---|
| ВКУПНО (Потпрограма ТГ ) | 20.000.000 |
| ВКУПНО (Потпрограма ТД ) | 30.000.000 |
| **ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА 2019** | **50.000.000** |